ПРОЛЕТ 2004 ▫ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Содржина

Развој на Локални Еколошки Акциони Планови (ЛЕАП) во Република Македонија 3

Избрани проекти за финансирање од Националната програма за одржлив развој 4

Агри-култура и Биодиверзитет во земјите на Југоисточна Европа 6

Активности на невладините организации 8

Training for Young Environmental Leaders 2004 9

## 10 години
## РЕЦ Канцеларија во Македонија





***Драги екологисти,***

*Фрлајќи поглед врз нашето десетгодишно минато, изнесовме на површина многу интересни факти, документи и лични прикazни. Од денешна гледна точка навистина е тешко да се замисли дека само пред 10-тина години претставуваше процедурална потешкотија да се овозможи интернет пристап и е-маил адреса за РЕЦ во Македонија, додека тие претставуваат неопходно средство за комуникација во денешницата.*

*Почетоците на канцеларијата на РЕЦ во Македонија се од 1993 година, време кога беше навистина тешко да се објасни самата потреба од РЕЦ, неговата мисија, неговата помош, како можат неговите програми од областа на животната средина да и понудат помош на Македонија. Во 1994 год., по неколкумесечни процедури РЕЦ успеа да добие и официјална регистрација од Македонската Влада под реден број 6 на списокот на странски организации, после што следуваше да се изоди патот на претставување на нашите програми, нивно разбирање и прифаќање од страна на корисниците во Македонија.*

*Година за година, бевме сведоци на промените во животната средина во Македонија и регионот воопшто, бидејќи се развиваше нова законска регулатива, се реструктуираа надлежните институции за заштита на животната средина, се развиваа и еколошките сваќања и решенија кај стопанскиот сектор и се прифаќаше мислењето на јавноста во процесите на одлучување преку невладините организации. Надежите кои ние ги појавивме во почетоците на 90 тите години, делумно се реализираат - веќе гледаме интеграција на грижата за животната средина во голем број аспекти на животот.*

*Оттогаш наваму сите ние со огромен ентузијазам и високо развиена свест спроведовме огромен број на програмски активности изразени во вредност од над 3 милиони евра, кои поттикнаа за натамошна работа огромен број на поединци, организации, институции.*

*Во земјите од регионот РЕЦ мрежата работи независно и транспарентно давајќи и репутација на научна, политички избалансирана организација со богатство на знаење и експертиза.*

*Фокусот на РЕЦ на слободен пристап кон информации и регионалната соработка со сите општествени чинители за заштита и унапредување на животната средина, ја прават оваа организација единствена не само во регионот туку и пошироко.*

*Во последните години РЕЦ навистина се разви во голема меѓународна организација со многу луѓе, со многу проекти, и со голем ефект во регионот, поради што има други организации во светот кои се обидуваат да го копираат истиот пристап.*

*Флексибилниот и иновативен кадар на РЕЦ, како и неговиот систем за управување со проекти не прават идеален партнер за работа на развивање стратегии за заштита на животната средина, како на локално, така на национално и регинално ниво.*

*Иднината на РЕЦ лежи во лекциите научени од досегашните години работа во регион кој рапидно се менува. Размислувајќи за идните предизвици во борбата за здрава животна средина, персоналот на РЕЦ ги планира своите идни активности врз база на досега наученото. Една од основните цели на РЕЦ во Македонија е да останеме цврст партнер на националните и локалните власти, бизнис секотрот и невладините организации. Идниот развој на РЕЦ во Македонија, како и досега, најмногу зависи од двонасочната комуникација со сите општествени чинители во Македонија кои работат на заштита на животната средина, бидејќи* ***ние не би биле она што сме доколку Вие не го баравте тоа од нас!***

**Катарина Стојковска**
Директор на
РЕЦ Канцеларијата
во Македонија

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel.+36 26 504 000;

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната
средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 39/2-2
1000 Скопје
Тел: 02 3131 904

# РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИ ЕКОЛОШКИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ (ЛЕАП) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - Канцеларија во Македонија, започна со реализација на проектот ***Развој на Локални еколошки акциони планови (ЛЕАПи) во Република Македонија***. Вкупната вредност на проектот изнесува 810,960.00 ЕУР, од кои 630,960.00 се финансирани од Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (SIDA).

На Прес Конференцијата која се одржа на 28 Мај 2004 година, свое обраќање имаше г-динот Jöran Bjällerstedt, Шеф на Канцеларијата на Шведската Амбасада во Скопје, кој потенцираше дека од 1999 год. Шведската развојна соработка со Република Македонија го следи текот на зајакнување во процесот на стабилизација и асоцијација и служи за промовирање на македонските напори за развој, со што земјата на крајот ќе може да ги исполни политичките и економските критериуми за членство во ЕУ. За реализација на трите приоритетни полиња на соработка:

- Демократско владеење
- Економски развој
- Заштита на животната средина

Шведската Влада годишно издвојува 60 милиони шведски круни или приближно 7 милиони Евра. Во Македонија Шведската Влада исто така дава приоритет на регионалната перспектива и стабилизацијата на регионот преку зајакнувањето на регионалната соработка.

Помошникот Раководител на секторот за одржлив развој при Министерството за животна средина и просторно планирање г-ѓа Теодора Обрадовиќ-Грнчаровска, истакна дека имплементацијата на овој проект ќе и помогне на Република Македонија во практичното спроведување на новата законска регулатива која е усогласена со директивите на Европската Унија, помош во процесот на децентрализација преку зајакнување на капацитетите на општините да ги спроведуваат своите обврски и надлежности во областа на животната средина и секако, финансиската помош во директни инвестиции за решавање на некои проблеми од животната средина на локално ниво.

Директорот на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија, г-ѓа Катарина Стојковска објасни дека проектот ќе се спроведува во текот на наредните 2,5 години преку пет проектни компоненти и тоа развивање на национална методологија за изработка на ЛЕАП во Република Македонија, селекција на 6 општини на кои ќе им се помогне да развиваат ЛЕАПи според новата методологија, интензивни обуки за зајакнување на капацитетите на општините, директни инвестиции во 6-те општини за спроведување на дел од ЛЕАП-ите и размена на искуства и соработка со државите од западен Балкан.



*Потпишување на договорот со претставниците на Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (SIDA), Скопје 6 април 2004*

*Лице за контакт:*
**Јордан Бајрактаров**
e-mail:jordan@rec.org.mk

# ИЗБРАНИ 6 ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ОД НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ

Членовите на Локалниот Советодавен Одбор ги избраа предлог проектите кои ќе бидат финансирани во првиот циклус од Програмата за Национални и Регионални грантови за Невладините организации (НВОи) од областа на одржлив развој во Западен Балкан, која ја спроведува Регионалниот центар за заштита на животната средина и финансиски обезбедена од Канцеларијата за соработка "EuropeAid" на Европската Комисија.

Селекцијата за грантови се одвиваше во две фази. Првата фаза подразбираше селекција на концепциските документи при што крајниот рок за доставување на концептите беше 16 февруари 2004 година. Во оваа фаза Директорот и персоналот на РЕЦ Канцеларијата во Македонија извршија оценување на сите пристигнати 94 концепциски документи и притоа, 27 концепциски документи целосно одговорија на зададените критериуми за оваа фаза и нивните носители беа поканети да изготват целосни предлог проекти. Крајниот датум за доставување на целосните предлог проекти беше 7 мај 2004 година.

Вкупно 23 целосни предлог проекти беа доставени до Канцеларијата на РЕЦ во Македонија и истите беа предадени на членовите на Локалниот Советодавен Одбор за оценување и рангирање. Членовите на Локалниот Советодавен Одбор, Директорот и двајца членови од персоналот на Канцеларијата на РЕЦ, на 08 јуни 2004 година одржаа работен состанок за оценување на предлог проектите. Оценувањето и рангирањето се изврши според критериуми кои им беа дадени на НВОи во *Водичот за изготвување на целосни предлог проекти* за оваа програма.

По деталното разгледување и бодување на сите доставени предлог проекти, Локалниот Советодавен Одбор позитивно одлучи да бидат финансирани 6 предлог проекти со вкупна сума од 44.539,00 Евра која РЕЦ ја додели за овие проекти, додека вкупната вредност на проектите изнесува 62.833,00 Евра од кои 17.092,00 Евра се од други извори на проектите. Невладините Организации носители на предлог проектите, претставувани од Раководителите на проектите беа поканети на ***Состанок со добитниците на грантови*** заради запознавање на меѓусебните обврски и задачи кои тие треба да се превземат при рализацијата на проектите. Состанокот на добитниците на грантовите се оддржа на 18 јуни 2004 година во просториите на РЕЦ Канцеларијата каде воедно беа потпишани и Договорите за финансирање на проектите.

## ИЗБРАНИ НОВИ ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛНИОТ СОВЕТОДАВЕН ОДБОР

Изборот на проектите кои треба да бидат финансирани од грант програмите на РЕЦ го врши Локален Советодавен Одбор (ЛСО), кој е составен од пет надворешни членови. За таа цел поради истекувањето на мандатот на поранешните членови на ЛСО, се избрани нови членови со мандат во траење од две години.

Локалниот Советодавен Одбор има витална улога во оваа програма за грантови како и во други важни области. Формиран во сите земји каде што работи РЕЦ, Локалниот Советодавен Одбор дава сигурност дека одлуките за процесот на грантови се фер и непристрасни. Членовите на ЛСО ни помагаат да ги разбереме подобро потребите на локалните НВОи и затоа ние можеме да развиеме политики и програми кои поефективно ќе одговорат на тие потреби.

Ново избрани членови на ЛСО на РЕЦ Канцеларијата во Македонија за периодот 2004/2006 се:

**Проф. Д-р. Љупчо Меловски** - Природно-математички факултет;
**Д-р. Јосиф Таневски** - Фармахем;
**Анита Коцоман** - UNDP Канцеларијата во Македонија;
**Гордана Кожухарова** - Министерство за животна средина и просторно планирање;
**Зоран Манасиев** - Општина Кочани;



***Потпишување на договорите за финансирање со раководителите на проектите***

Покрај Националните грантови, Главната Канцеларија на РЕЦ во Сентендре (Унгарија) имаше и Регионална Програма за доделување на грантови на НВОи од областа на одржлив развој. Максималната сума на оваа програма изнесуваше 30.000,00 Евра по проект, која за разлика од националните услов за апликација на за оваа програма подразбираше регионална соработка на НВОи кадешто најмалку две организации од различни држави во регионот ќе учествуваат во реализацијата на проектот.

Преку оваа програма ќе бидат финансирани и два регионални проекти на НВОи од Македонија. Како носител на предлог проект се јавува Здружението на Граѓани "Проактива" од Скопје со наслов на проектот "Интегриран приод за решавање на проблемите поврзани со транспортот од одржлив аспект" во соработка со "Српско Друштво за Градско Планирање" од Србија и Црна Гора, како и Здружението на земјоделци "Еко-агро" од Охрид, кое е во партнерство со организации од Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора и Хрватска во проектот со наслов "SuDnet (Sustainable Development Network)".

*Лице за контакт:*
**Столе Георгиев**
e-mail: stole@rec.org.mk

| Број на Пријава | Наслов на Проектот | Подносител | Одобрена сума во ЕУР |
|---|---|---|---|
| НГ10142 | Кон Локална Агенда 21 за општина Велес | ЕД "Вила Зора" Велес | 6.290,00 |
| НГ10144 | Обука и зајакнување на капацитетот на 6 општини во Македонија во примена на концептот на одржлив развој | Граѓански еколошки форум - Скопје | 8.445,00 |
| НГ10146 | Ни ѓубрето не е за фрлање | ЕД "Ареал" - Струга | 7.646,00 |
| НГ10151 | Осогово Еко - Регион | Граѓански Комитет за Развој - Пробиштип | 8.014,00 |
| НГ10152 | Вклучување на невладините организации од 5 региони во Република Македонија во организирање и развој на одржлив туризам со користење на Преспа како модел | Здружение на граѓани "Музичка Младина" - Ресен | 7.223,00 |
| НГ10155 | Одржливи општини | ОРТ - Прилеп | 6.921,00 |

***Листа на добитници на грантови***

## ВТОР ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА КОНЦЕПТИ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) објавува втор повик за доставување концепти за доделување поддршка на проекти на невладини организации (НВОи) во областа на одржливиот развој. Програмата за доделување неповратни средства (грантови) е финансиски поддржана од Канцеларијата за соработка "EuropeAid" на Европската Комисија.

Невладините организации од Македонија се поканети да аплицираат на теми од областа на одржливиот развој и заштита на животната средина. Максималниот износ на неповратни средства по проект изнесува **10.000,00 Евра**, а минималниот **5.000,00 Евра**. Вкупниот фонд за грантови во втората рунда изнесува **50.000,00 Евра.** Исто така проектите треба да се одвиваат за време од 10 месеци, односно сите проекти треба да завршат до септември 2005година.

Оригиналниот концепциски документ треба да пристигне по пошта или лично да се донесе во канцеларијата на РЕЦ во Македонија (ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 39-2/2, 1000 Скопје). Крајниот рок за доставување на концепциските документи е **31 август 2004 година до 16 часот.**

За добивање повеќе информации и формулари за апликација за оваа програма за доделување грантови, заинтересираните можат:
-да ја посетат Интернет страницата на македонската канцеларија на РЕЦ: http://www.rec.org.mk
-да се обратат во нашата канцеларија на тел/факс: 02/ 3131-904 или 3128-116.

*Лице за контакт:*
**Столе Георгиев**
e-mail: stole@rec.org.mk

## РАЗВИВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ ЗА ИНВЕСТИТЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА



Од 16 до 19 Мај, 2004 година во хотел "Гранит" во Охрид се одржа регионален семинар на тема: " Изработка на проекти од областа на заштита на животната средина ".

Семинарот беше наменет за претставници на Локалните самоуправи од земјите на Југоисточна Европа со цел да се зајакнат капацитетите на Локалните самоуправи за изработка на проекти од областа на животната средина што ќе биде дел од нивните нови обврски со кој ќе се здобијат по процесот на децентрализација. Предавачи на овој семинар беа експертите од консултанската фирма B2-Konsulting од Скопје.

Учесници на средбата беа високи претставници на Локални самоуправи од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Македонија, Хрватска, Србија и Црна Гора вклучувајќи и претставници од Косово и Романија, како и независни консултанти кои имаат искуство во оваа област од истите земји. На тој начин беше воспоставена директна комуникација помеѓу консултантите и претставниците на Локалните самоуправи, кои имаа можност да се запознаат со палетата на професионални услуги што ги нудат консултантските организации од проценка на состојба, давање на професионални совети до изработка на комплетни еколошки проекти.

*Лице за контакт:*
**Корнелија Радовановиќ**
e-mail: kornelija@rec.org.mk

## АГРИ-КУЛТУРА И БИОДИВЕРЗИТЕТ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА



Од 27 до 29 Мај, 2004 година во хотел "Макпетрол" во Маврово се одржа регионална средба на тема: "Агри-култура и Биодивезитет во земјите на Југоисточна Европа".

Целта на оваа средба беше да се обезбеди платформа за дискусија на експертите од земјите на Југоисточна Европа на тема: *Можности за регионална соработка на полето на одржливо земјоделие и зачувување на биодиверзитетот.* Претставници од новите земји членки на Европската Унија беа поканети да го споделат своето искуство со учесниците.

Учесници на средбата беа претставници на релевантните Министерства од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Македонија, Хрватска, Србија и Црна Гора, вклучувајќи и претставници од Косово и Романија, претставници на национални и регионални асоцијации на земјоделци, невладини организации со релеватно искуство на тоа поле итн. Предавачи на оваа средба беа повеќе експерти од оваа област од релевантните Министерства и научни ситуции како и експертите на РЕЦ.

Оваа средба освен што ги соедини експертите и заинтересираните субјекти да дискутираат на тема одржливо земјоделие и зачувување на биодиверзитетот во регинот исто така овозможи да се идентификуваат заедничките интереси на земјите во регионот и да се формулираат поспецифични акции што треба да се превземат понатаму на ова поле.

*Лице за контакт:*
**Корнелија Радовановиќ**
e-mail: kornelija@rec.org.mk

## ПРОМОЦИЈА НА РЕГИОНАЛНАТА И МЕЃУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Состанокот на високи претставници од релевантните Министерства за животна средина од земјите на Југоисточна Европа кои се дел од процесот на стабилизација и асоцијација како и претставниците на меѓународните организации кои работат во регионот на прашањата поврзани со заштитата на животната средина, се одржа во Белград на 20 и 21 мај, 2004 год.

За време на состанокот повторно беа разгледани "Заедничката изјава на Министрите и Шефовите на делегации за напредокот кој е постигат во процесот на стабилизација и асоцијација", како и одлуките од 6-та работна група за РЕРеП. Покрај тоа, беа презентирани и статусот на формалните инструменти за меѓугранична соработка, како и иницијативите и проектите за меѓународна соработка кои се во тек од областа на заштитата на животната средина.

Високите претставници го искористија состанокот да ги презентираат постоечките и планираните иницијативи и проекти за меѓугранична соработка, дадоа извештаи за нивниот напредок. Исто така ги идентификуваа потешкотиите со кои се среќаваат, како и полињата каде што е потребна помош со цел да се интензивира реализацијата на постоечките иницијативи и проекти. Претставниците на меѓународните организации итсо така ги презентираа меѓуграничните проекти и иницијативи кои се реализираат од нивна страна.

Состанокот беше продолжение на Состанокот на Министрите и Шефовите на делегации од земјите од Процесот на стабилизација и асоцијација кој се одржа во Скопје во Октомври 2003 година.

Повеќе информации за овие активности можете да најдете на веб страницата на РЕЦ **http://www.rec.org/REC/Programs/REREP/crossbordercooperation/Activities.html**

## АРХУСКА ФАМИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во периодот јуни-август се реализира проектот "***Архуска фамилија во Македонија***", чија цел е да се обезбедат механизми за практична имплементација на Архуската конвенција, посебно во делот на пристап до информации од областа на животната средина. Основниот механизам во трансферот на информациите е користење на ICT (информациско-комуникациската технологија) популарно наречена Интернет.

Основната проектна активност опфати формирање на Национална коалиција за Архуска конвенција, во која членуваат 27 невладини организации од Македонија, кои работат на полето на заштита и унапредување на животната средина.

Членките на националната коалиција во наредниот период ќе работат на подигање на јавната свест, како и запознавање на јавноста со бенефициите кои ги нуди Конвенцијата. Активностите ќе се одвиваат во координација со националните и локалните власти, првенствено вклучувајќи го Министерството за животна средина и просторно планирање. Во тек е креирање на специјализиран веб сајт за Архуската конвенција во РМ, кој наскоро ќе биде во функција на следната адреса: www.eko.net.mk/aarhus.

Во реализација на проектот се вклучени следните невладини организации: Биосфера-Битола, Изгрев-Свети Николе, Проактива-Скопје Екоенергија-Кавадарци, Ерина-Скопје и Центарот за електронска комуникација ЕКО.НЕТ

Проектот е финансиран од холандската фондација Milieukontakt- Oost Europa.

Повеќе информации:
**Центар за електронска комуникација ЕКО.НЕТ**
тел/факс + 389 0(2) 32 16 051
ekovesti@eko.net.mk
www.eko.net.mk

## ПО ЗЕЛЕНА ПАТЕКА ВО ЕВРОПА

На 21 и 22 јуни 2004 година, во хотел "Панорама" во Скопје, во организација на Новинарско-правниот енвиро центар ЕРИНА од Скопје, се одржа Воведен тренинг семинар: *Институционалната рамка и законодавството за животната средина на ЕУ од аспект на идното проширување на ЕУ.*

Тренинг-семинарот е дел од проектот на ЕРИНА насловен "**Македонија во Европа: по зелена патека**". Овој тренинг-семинар се организираше во соработка со Европското биро за животна средина (European Environmental Bureau - EEB) од Брисел, Белгија, и Mileukontakt Oost-Europa, Холандија. Финансиски, поддршката околу организацијата на семинарот ја обезбеди Mileukontakt Oost-Europa, Холандија.

Покрај претставници од 11 НВОи од Македонија, на семинарот присуствуваа претставници од НВОи од Албанија, од Заедницата на единиците на Локалната Самоуправа на РМ (ЗЕЛС) и што претставуваше особено пријатно изненадување, од бизнис-секторот - Пивара Скопје.

Тренинг-семинарот имаше цел да го зајакне капацитетот на НВОи од Македонија кои работат во областа на животната средина, на претставниците на локалната самоуправа и на претставниците од НВОи од Албанија и Хрватска а на крајот на семинарот, тие да добијат познавања и подобро разбирање на процесот на пристапување кон Европската Унија; за тоа какви последици ќе има процесот врз законодавството и политиката од областа на животната средина на РМ и како македонските НВОи можат да влијаат врз процесот на евроинтеграција и креирањето на политиката и законите од оваа област.

Предавачи на тренинг-семинарот беа Mara Silina, EEB, Erika Oblak, Umanotera, Љубљана, Словенија, Pol Kosterink, МКОЕ, Финка Серафимовска, Сектор за европска интеграција, Влада на РМ, Јадранка Иванова, Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ и Каролина Ристова-Астеруд, претседателка на Комисијата за европски прашања во Собранието на РМ.

Првата сесија беше посветена на институционалната рамка и законодавството од областа на животната средина на Европската Унија, како функционираат институциите на ЕУ, каков е процесот на донесување одлуки и во чија надлежност е тој процес. Втората имаше за цел да ги прикаже искуствата од новите членки на ЕУ. Третата, завршна сесија, беше посветена на процесот на евроинтеграција кој се одвива во Македонија, на перспективите и на улогата на НВОи во наредните години.

На крајот учесниците разговараа за потребите и проблемите на НВО во Македонија (во контекст на активното учество во процесот на евроинтеграција), како и за потребите за идни семинари поврзани со оваа проблематика.

На предавањето присуствуваа околу 50 слушатели, меѓу кои: Министерот за транспорт и врски, г-дин Агрон Буџаку, претставници од министерствата за образование и за животна средина и просторно планирање, неколку пратеници во Собранието на РМ, универзитетски професори, НВОи и странски организации и фондации во РМ.

*Изготвила:*
**Маријана Иванова**
НПЕЦ ЕРИНА

## НЕ БИДИ ФОСИЛ, БОРИ СЕ ПРОТИВ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Движењето на Екологистите на Македонија (ДЕМ) како членка на FoEI (Friends of the Earth International) изготвија европска кампања за климатските промени во соработка со FoE Europe. Кампањата носи наслов ,,**Карбон Диносаурус 2004**" со маскотата по име Дино кој ги претставува сите чинители кои го предизвикуваат создавањето на стакленичките гасови а со тоа и климатските промени. Диносаурусот Дино ќе патува низ 23 европски земји и ќе посети околу 60 градови, за подигање на јавната свест кај граѓаните. Дино е маскота која симболично ги преставува причинителите за создавањето на стакленичките гасови и претставува заштитен знак на оваа кампања. Тој е висок 9 метри, широк 4 метри и долг 7 метри.

Во Скопје, Дино пристигна на 03 јули 2004 година кога и официјално започна целата манифестација. Дино беше поставен во "Жена парк", спроти Собранието на Република Македонија. Манифестацијата свечено ја отвори Министерот за животна средина и просторно планирање г-дин Љубомир Јанев и истата траеше 4 часа. Во рамките на оваа манифестација граѓаните можеа да проследат уличен театар припремен од учениците од гимназијата Јосип Броз Тито од Скопје и имаа можност да добијат маички, летоци и исто така да ги запишуват своите пораки за климатските промени. За време на манифестацијата активистите на ДЕМ вршеа анкета на посетителите на оваа манифестација за мислењето на граѓаните за климатските промени и заштита на животната средина

Оваа манифестација беше потпомогната од Движењето на Екологистите на Македонија(ДЕМ), Friends of the Earth Europe, Канцеларија за климатски промени при Министерство за животна средина и просторно планирање,Канцеларијата на UNDP, Алколоид, Собрание на град Скопје и ЈП Паркови и зеленило.

# TRAINING FOR YOUNG ENVIRONMENTAL LEADERS 2004

## Supported by the Ministry of the Environment and Territory, Italy

Ready to take a big step forward?
Are you a young environmentalist,
between 20 and 30 years old?
Do you have the potential to be a leader?
Are you ambitious, talented and resourceful?

Are you hungry to learn new skills and broaden your horizons?
Then the Training for Young Environmental Leaders programme has been designed for you!

**Introduction**

The young environmentalists of Central and Eastern Europe have the potential to be the leaders of tomorrow. The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC) has teamed up with Italian NGO L'Umana DiMora to establish a comprehensive Training for Young Environmental Leaders programme. It aims to provide advanced training in organisational and technological methods in a stimulating international atmosphere,

The training sessions consist of three weeks of theoretical training in a multicultural setting at the REC's head office in Szentendre, Hungary, and a one-week study tour in Italy, focusing on management skills; the latest environmental methods (e.g. information technologies and market-based solutions); and the transfer of these skills to peers.

**Focus**

Theoretical training involves interactive group work and individual activities that produce tangible results - NGO and project management, campaign strategies, media relations, communications, fundraising, business plans for NGOs, public participation in environmental decision-making, NGOs and civil society, new approaches to environmental problems, and much more. Participants develop products tailored to their own needs, such as project proposals, funding strategies, press releases and community action plans.

**International exposure**

After the theoretical training in Hungary, young leaders will travel to Italy to see first-hand how environmental concerns are tackled. L'Umana DiMora will show them how progressive farms in Italy employ sustainable agricultural practices, how national parks protect biodiversity and how recycling plants sort, recover and pass on valuable materials. They will also witness how NGOs in Italy carry out environmental campaigns and organise their projects within the context of EU regulations. Through this exposure, young leaders will contribute to actual environmental protection programmes, thus gaining valuable experience and building contacts for future cooperation.

Italian experts will also train participants in the preservation of protected areas, national parks and reserves; water resource management; sustainable agriculture and eco-tourism; waste management and cleaner production; animal and wildlife protection; foodstuff certification; energy efficiency; air quality and pollution; and transport and traffic.

**Eligibility and funding**

Participants from different backgrounds throughout Central and Eastern Europe are eligible for the programme. You should be between 20 and 30 years old, show a strong commitment to the environment in the CEE region, work in an environmental NGO, with citizenship of one of the participating countries, and speak and write English well.

For the 2004 sessions, the REC invites participants from Albania, Bosnia and Herzegovina, Bulgaria, Croatia, the Czech Republic, Estonia, Hungary, Latvia, Lithuania, Macedonia, Poland, Romania, Slovakia, Slovenia and Serbia and Montenegro..

The REC will cover all costs related to travel, food, training fees and accommodation for participants from the countries listed above.

Participants from other countries (in particular Turkey, Malta and Cyprus) are also invited but are responsible for covering their own costs and fees.

**Selection process**

All applications are screened by the REC to identify potential participants. Brief telephone interviews are conducted with selected participants for the final selection. Chosen participants are informed within three weeks after the interview.

***Schedule for 2004***

Training period/Application Deadline

Sep 6 - Oct 2 / Jul 5

Oct 18 - Nov 13 / Aug 16

**Application and more information**

Should you need further information, please do not hesitate to contact Adriana Craciun at the REC. For your convenience, an application form is available at REC CO Macedonia (contact person: Ms. Marina Ordzanova; phone: 02/ 3131 904; e-mail: marina@rec.org.mk). Please complete the form in English, providing complete information as requested, and send it by e-mail, fax or post to.

*Adriana Craciun, Project Manager*
*NGO Support and Capacity Building*
*Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe*

*Ady Endre ut 9-11*
*2000 Szentendre, Hungary*
*Tel. (36-26) 504-068*
*Fax (36-26) 311-294*
*E-mail: acraciun@rec.org*

# ЕкоВести-ЕкоВести-ЕкоВ

## *Отворена Канцеларија на РЕЦ во Турција*

**Анкара, 27 мај 2004 година** - Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - отвори своја Канцеларија во Турција. Покрај останатите во регионот оваа е 16 Канцеларија на РЕЦ која ќе има мисија да го помага процесот на влегување во Европска Унија и да ја поттикне практиката на одржливиот развој. Канцеларијата на РЕЦ во Турција е сместена во Анкара, со посебна помош и придонес на Турското Министерство за животна средина и шумарство.

Канцеларијата на РЕЦ во Турција во блиска иднина планира да отвори локални канцеларии како со што ќе се овозможи правилно решавање на проблемите со животната средина во цела Турција.

По повод свеченото отварање на Канцеларијата на РЕЦ во Турција, се одржа Прес-конференција на која присуствуаа: Министерот за животна средина и шумарство на Турција г-дин Osman Pepe, Gürdoðar Sarýgül -одговорен на Секторот за животна средина и одржлив развој при Канцеларијата на Европската Комисија во Турција, г-дин Corrado Clini - Претседавач со Бордот на Директори на РЕЦ и Генерален секретар на Италијанското Министерсто за животна средина и територија и г-ѓа Marta Szigeti Bonifert - Директор на РЕЦ.

Отварањето на Канцеларијата на РЕЦ во Турција е производ од "Договорот за билатерална соработка, основање и активности на РЕЦ во Турција" кој беше потпишан на 16 јануари 2004 година помеѓу Бордот на Директори на РЕЦ и Владата на Република Турција.

Четири главни сервисно-ориентирани програми ќе ги покриваат активностите на Канцеларијата на РЕЦ во Турција: Информативна програма, Програма за градење на капацитетите на заедницата, Прогама за грантови за НВО и специјални програми.

Почетниот фонд за покривање на активностите во првите две години изнесува 2.3 милиони Евра, кои се обезбедени од Програмата за Градење на капацитетите во областа на животната средина на Европската Унија. Од кои околу 500.000 Евра ќе бидат доделени како грантови, наменети примарно за невладиниот сектор.



*Зградата во која е сместена Канцеларијата на РЕЦ во Турција*

## *Иднината на нашите деца*

**Будимпешта, 22-25 јуни 2004 година, -** Во организација на Светската Здравствена Организација (WHO) Регионална Канцеларија во Европа (EURO) и под водство на Европскиот Комитет за здравство и животна средина се одржа **4-та Министерска Конференција за здравство и животна средина.** Потребата од оваа конференција беше еден од главните заклучоци на 3-та Министерска Конференција која се одржа во Лондон (1999) на која беа разгледани потребите за правата на децата и нивната посебна чувствителност, како и да одговори на загрижувачката состојба со животната средина. Од оваа гледна точка 4-та Министерска конференција беше фокусирана на темата *Иднината на нашите деца* и преку развивањето на еден соодветен меѓународен инструмент, а тоа е Европскиот Акционен План за здравјето на децата и животната средина, има за цел да го постави здравјето на децата на прво место во политичката Агенда за здравство и животна средина. На оваа Конференција беше презентиран Европскиот Акционен План за здравјето на децата и животната средина, пред Министрите од 50 земји, кои се обврзаа да изработат Национални планови користејќи го овој документ. Во рамките на оваа Конференција се одржаа неколку настани, кои на крајот завршија со усвојување на неколку финални документи. Министрите учесници на оваа Конференција потпиша заедничка Декларација за значењето на оваа конференција како и врската помеѓу здравјето на деца и заштитата на животната средина и Конвенцијата за заштиа на правата на децата. Беше усвоен и Европскиот Акцион План за здравјето на децата и животната средина и се одржаа неколку прес-конференции на учесниците. Република Македонија учествуваше на оваа Министерска Конференција со своја делегација која беше предводена од Министерот за животна средина и просторно планирање г-дин Љубомир Јанев.

Паралелно на овој настан, во рамките на оваа Конференција се одржа и Планетарен Форум за здравство во организација на Европскиот ЕКО-форум, Европската Јавна Здравствена Алијанса и РЕЦ. Овој форум носеше наслов ***Конференција на Цивилното општество и НВО,*** на кој земаа учество 497 учесници од 49 земји. Македонија беше претставувана од две невладини организации и еден новинар. Програмата на овој форум беше покриена со бројни содржини кои покриваа теми од заштита на животната средина и човековото здравје. 4 пленарни сесии, 35 работилници и преку 15 различни други состаноци се одржаа на овој форум. На овој форум присуствуваа Унгарскиот Министер за Здравство г-дин Mihaly Kokeny, Унгарскиот Министер за животна средина г-дин Miklos Persanyi и Извршниот Директор на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа г-ѓа Marta Bonifert.

Повеќе информации за овие настани можете да добиете на: **www.healthy-planet-forum.org и http://www.euro.who.int/budapest2004**

## ЗЕЛЕН ХОРИЗОНТ - Ново списание од РЕЦ

**Сентендре, Јуни 2004 -** Излезе од печат првиот број на Green Horizon. После 14 години, одговорните за издавањето на Билтенот (The Bulletin) на Главната Канцеларија на РЕЦ во Сентендре (Унгарија) решија да го заменат со ново списание “Green Horizon“. Новото списание на РЕЦ во многу нешта потсетува на Билтенот, но концепциски е поразличен и нуди нови содржини. Ако во досегашниот Билтен воглавно доминираа содржините со активностите на РЕЦ, во новото списание се настојува да се најде простор за сите општествени чинители кои на некаков начин се поврзани со настаните и темите за заштита на животната средина. Во оваа смисла ќе се остави простор и за научните работници, истражувачите и бизнис секторот да објавуаат свои статии во оваа списание. Покрај овие новитети се нуди можност за рекламирање на секакви активности, производи, услуги и др. во доменот на животната средина. Главната цел на тимот кој го работи Green Horizon е да прерасне во еден меѓународен магазин кој би ја покривал цела Источна Европа.




Печатена верзија од ова списание можете да добиете во РЕЦ Канцеларијата во Македонија или на **www.rec.org** да ја добиете електронската верзија.

## Македонија ќе поднесува апликација за Програмата на мали грантви во рамите на ГЕФ

**Скопје, 07 јули 2004 година**, - Во просториите на Клубот на Пратеници се одржа работна средба за презентација на Програмата за мали грантови во рамките на Глобалниот Еколошки Фонд (ГЕФ). Оваа средба беше во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање и UNDP/ Македонија, а во рамките на проектот *“Техничка поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање“*. Воведен збор и претставување на прогамата имаа: Гордана Кожухарова од Министерството за животна средина и просторно планирање и Анита Коцоман од UNDP.

На оваа работна средба присуствуваа претставници на Невладините Организации, со цел да се запознаат подетално со информации за Глобалниот Еколошки Фонд и Програмата за мали грантови, за која постои можност да биде имплементирана во Република Македонија кон крајот на оваа година. Македонија е повикана да поднесе апликација за оваа програма во друштво со уште две земји од регионот Украина и Белорусија, од кои програмата ќе ја добие онаа апликација која ги исполнува поставените критериуми за оваа програма.

Со цел да се одлучи која земја ќе ја добие програмата, ќе биде организирана мисија и во Македонија, која ќе се состои од два дела. Првиот дел од мисијата ќе биде проценка на издржаноста на апликацијата, дали се созреани условите во земјата, како и дали се исполнети пред-квалификациите и барањата за спроведување на Програмата за мали грантови. Втората Мисија, доколку ја има, всушност претставува позитивна одлука за апликацијата на земјата и обично помага во воспоставувањето на Националниот Комитет кој ќе ја води програмата.

Глобалниот Еколошки Фонд обезбедува финансиска помош за државите во развој и за државите со економии во транзиција за покривање на зголемените трошоци во врска со заштитата и управувањето со глобалната животна средина. Како имплементациони агенции се јавуваат: Програмата за развој на Обединетите Нации (UNDP), Програмата на Обединетите Нации за животна средина (UNEP) и Светска Банка.

Неговите активности се насочени на четири области од посебен интерес: биолошка разновидност, климатски промени, меѓународни води и заштита на озонската обвивка. Исто така, финансиски се помагаат и активностите поврзани со спречување на нарушувањето на квалитетот на земјиштето, а особено справувањата со дезертификација и уништувањето на шумите, доколку се тие во врска со една или повеќе од областите од посебен интерес.

Според заклучоците од оваа средба, учесниците се согласија дека треба да се организира уште една средба на која ќе се дискутира за активностите кои треба да ги превземат НВОи се со цел да се изготви апликација која ќе ги исполнува предвидените критериуми на оваа Програма за мали проекти. Наредната средба би се одржала при крајот на август. Исто така организаторите на оваа средба ги повикуваат сите НВОи кои работат на полето на заштита на животната средина да го дадат својот придонес при изготвувањето на апликацијата.

Повеќе информаци за овој настан можете да добиете на веб страните **www.gefweb.org и www.eko.net.mk,** или доколку се обратите во Канцеларијата на UNDP во Македонија на телефоните: 02/3289 283 и 3289 284,

контакт лице:
**Билјана Кировакова**
**Весна Танасковска**
е-маил: biljana.kirovakova@undp.org.mk
vesna.tanaskovska@undp.org.mk

# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Претставување

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

## Стратегија

Развојните програми на РЕЦ се направени такашто ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







Регионален центар за заштита
на животната средина
во Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија

ул. “Митрополит Теодосиј Гологанов“
бр. 39/2-2, 1000 Скопје

тел: (02) 3131 904
факс: (02) 3128 116

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*